# Медиум

весник за сите средношколци

Четврток, 25.12.2014; година III; бр. 17 www.medium.edu.mk


ТЕМА ЗА ДИЛЕМА

ШТО СО СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ?



# Креативноста и социјализацијата да се одлика на зимскиот распуст

Средношколците со нетрпение го очекуваат претстојниот одмор, а она на што треба да се посветат во тие дваесетина дена слобода е од нив да го извлечат и забавното, но и корисното. Ако сакаат, ефикасно може да го искористат и музичарите и спортистите, и учениците талентирани во литературата и сликарството, како и оние со желба да волонтираат и да бидат хумани, сметаат психолозите

стр. 5

Нецела година откако излегол од средношколските клупи, а му недостигаат како да ги напуштил одамна. Левиот бек на ракометниот клуб Металург и на македонската репрезентација, 18-годишниот Филип Талевски од Крушево, со својот талент и потенцијал ги освои симпатиите на спортската јавност, а секое негово влегување на терен или затресување на противничката мрежа мами громогласни скандирања од трибините. За сето ова како и секој друг успешен спортист така и Филип ја платил цената. На неколку дена пред почетокот на зимскиот распуст го прашавме младиот ракометар како тој се сеќава на тој период, каде и на кој начин ги поминувал одморите од училиште.

- Мојот зимски распуст јас го поминував постојано во сала, со многу тешки тренинзи и подготовки за втората полусезона што следува по тој период. Жртвував многу и многу ми недостигаат средношколските денови. Сите кога одеа на школо јас бев во сала, сите кога излегуваа надвор и се дружеа јас бев дома и се подготвував за утрешниот ден - вели Филип.

Годинава тој заврши општа гимназија во скопското училиште „Марија Кири-Склодовска“, а сега е бруцош на Факултетот за физичка култура. Талевски беше дел од рапрезентативците што изборија пласман на Светското првенство во Катар во јануари 2015 година.

Токму натпреварите на македонската репрезентација со сигурност ќе бидат дел од времето поминато пред телевизор за време на претстојниот зимски распуст.



ФАЦА НА МЕСЕЦОТ
ЖАРКО ДИМИТРИОСКИ, АВТОР И ВОДИТЕЛ НА ЕМИСИЈАТА „ЕДЕН НА ЕДЕН“

## Уживам во неврзан муабет

стр. 3



МАРКО ПАЈКОВСКИ, УЧЕНИК ВО СУГС „ОРЦЕ НИКОЛОВ“-СКОПЈЕ

## „Снежниот“ крал на високите планини

стр. 6

СОВЕТУВАМЕ



## Изгради го твојот онлајн бренд

стр. 8


EMBASSY OF THE UNITED STATES OF AMERICA

ВИСОКА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

НОВА МАКЕДОНИЈА
ПРВИОТ МАКЕДОНСКИ ДНЕВЕН ВЕСНИК

ЗАЕДНИЧКИ ПРОЕКТ НА ВИСОКАТА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА И НА „НОВА МАКЕДОНИЈА“, ПОДДРЖАН ОД АМБАСАДАТА НА САД ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## УВОДНИК



Душица Петровска,
професорка во
СУГС „Јосип Броз-Тито“

# Гласни, пијани, оптимисти

Во атмосфера со накитени улици и излози, полни кафулиња од кои трешти гласна музика и редици граѓани по маркетите се одбележуваат последните денови од 365-те во годинава. Кифлички и руска салата, сарма, нешто мрсничко, торта и, како што е ред, за да биде среќна новата година, и вотка, виски, вино.

Првиот синоним за тоа како се прославува Нова година кај нас се јадењето и пиењето, и тоа во никој случај во умерени количества туку сè до моментот „ќе пукнам, се прејадов“ или „се направив статива“. Кулминацијата е на 31 декември околу полноќ, кога така загреани сите се сакаат, се бакнуваат, си честитаат, споделуваат љубов во неограничени количества, се гушкаат, викаат. Гласни, пијани, оптимисти. Не за друго, да се испрати старото и да се дочека новото.

Во Ургентниот центар на првојануарското утро по традиција метеж, и тоа поради скршен нос, исеченици, изгореници од петарди, сообраќајни несреќи. За прејадените и препиените се бара кревет повеќе на Токсикологија, и тоа неколку часа по полноќ.

Помодрени, со превртени очи, буквално ни „родена мајка да не те препознае“. Поголемото количество алкохол доведува до оток на мозокот, па за да се доведат во стабилна состојба љубителите на чашка повеќе примаат терапија со шеќер. Ова отекување предизвикува промени од еуфорија до кома, но, за среќа, брзо се лекува. „Среќниците“ најчесто се малолетници, на возраст од 14 до 18 години, но се случува пациенти да бидат и помали деца. Ланската година се пиело во разумни количества со помалку од 30 труења, за разлика од 2010-та, кога за пример поради прекумерно количество ракија и вино на детоксикација завршиле 66 лица. Веројатно во свеста на младата популација допираат низата едукативни предавања за штетното дејство на алкохолот. На мнозина им е јасно и дека посегањето по алкохолот е потенцијална можност да се загуби животот. Затоа, памет во глава!

# Средношколците од Демир Хисар промовираат хумани и креативни вредности

Мултиетничко образование, трејазичен речник, промоција на хумани и креативни вредности се дел од многубројните успеси на средношколците од училиштето „Крсте Петков Мисирков“ од Демир Хисар.



Средношколците активно се борат против предрасудите заедно со своите врсници од кичевското училиште „Дрита“. Двете партнерски училишта веќе една година организираат заеднички дружења, игри, изложби и творби, како и посети на културни споменици од мултиетнички карактер. По повод патрониот празник, учениците под менторство на нивните професори издадоа и трејазичен англиско-македонски-албански речник. Средношколскиот клуб на млади, пак, редовно ги промовира хуманите вредности преку учество во акции на Црвениот крст од Демир Хисар. Од оваа учебна година првпат е формирана фотографска секција, во која членуваат ученици што активно се занимаваат со фотографирање и со обработка на слики.

Учениците го покажаа нивниот креативен потенцијал и на натпреварот „Треш фешн“. Тие креираа облека и модни додатоци од материјали што се реупотребливи, за да ја издигнат свеста за значењето на природата и намалувањето на отпадот.

**Пишуваше: Ана Ангелевска II-2**
**Фото: Антонио Сукловски IV-2**

# Мултимедијалци снимаат 12 филма

Изминативе денови низ скопските улици се снимаат последните сцени од 12-те краткометражни филма што се авторски проекти на средношколците од првата генерација на Отсекот за мултимедија во средното уметничко училиште „Лазар Личеновски“ во Скопје.

Станува збор за проект што првпат се случува во Македонија, во кој средношколци снимаат филмови. Комплетната изведба на филмовите, од идеја до готов филм, е дело на самите 12 величествени, како што се нарекуваат ученици од класата на професорот Ристе Ставревски. Филмовите се инспирирани од ученичкото секојдневие, зачинети со сериозна акција, како што велат авторите. Стручната јавност и публиката ќе можат да ги видат авторските првенци на новогодишната изложба на средното уметничко училиште. Отсекот со нетрпение ја очекува критиката на љубителите на седмата уметност, но без лажна скромност тврдат дека следната година сериозни актери преку престижен кастинг ќе се обидат да добијат некоја улога во нивните нови филмови. Дотогаш учениците се надеваат дека ќе ја добијат и поддршката од надлежните за комплетирање на потребната опрема за снимање. Сергеј Митевски, II б, ДСУУ „Лазар Личеновски“

# Прва ораторска вечер на прилепските гимназијалци

Учениците од Младинската заедница при прилепската гимназија „Мирче Ацев“ ја организираа првата ораторска вечер во градската библиотека „Борка Талески“. Девет ученици од различни години се претставија на темата „Образована и мотивирана младина - иднина и движечка сила на општеството“. Најдобрите тројца ученици беа наградени со дипломи и со книги, а директорот на гимназијата на сите оратори им додели пофалници. Ораторскиот натпревар беше целосно организиран од гимназијалците, кои ги обезбедија наградите, го избраа жирито и ги определија критериумите за објективно оценување. Додека жирито ги сумираше бодовите, се претставија и најдобрите музички интерпретатори. Прилепските гимназијалци се надеваат дека ораторската вечер ќе премине во традиција.

**Бисера Мицеска, III-1 клас,**
**Гимназија „Мирче Ацев“-Прилеп**

# Ученици од „Кочо Рацин“ волонтираа

Со настап на училишниот музички оркестар и делење летоци со пораки за волонтирање, средношколци од скопското училиште „Кочо Рацин“ го одбележаа Светскиот ден на волонтерството - 5 декември, во еден од трговските центри во Скопје. Со ваквите активности, учениците сакаа да ги поттикнат младите активно да се вклучат во општеството и да придонесат за доброто на својата заедница. Настанот го организираа СУГС „Кочо Рацин“ и здружението за младински активизам „Обединета младина“, а се вклучија и волонтери на „Волонтерски центар Скопје“ и платформата „Лице в лице“.

**Елена Поповска,**
**НВО „Обединета младина“**

# Средношколката Тијана Милиќ промовираше две книги



„Понекогаш повторно се враќам во моментите кога сум мало девојче што верува во среќен крај. Добро, сепак во реалниот живот е потешко отколку во бајките, но ќе се потрудиме да има среќен крај, нели?“ Ова беше срдечното добредојде на средношколката од скопското училиште „Јосип Броз-Тито“, Тијана Милиќ, на промоцијата на нејзините две книги. „Животот во моја кожа“ и „Само љубов“ се прозни творби на ученичката од трета година, која, освен талентот и дарбата, сподели и убави и емотивни моменти со присутните ученици, професори и родители. Промоцијата беше организирана во рамките на настанот „Јас прочитав, прочитај и ти“, кој има за цел да ја зајакне врската родител-ученик-наставник.







# „Алгоритам“ во ФИНКИ

Учениците од ПСУ „Алгоритам центар“ го посетија Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство. Тие се запознаа со основите на интелигентната роботика, им беше презентиран „суперкомпјутерот“ - најпаметниот и најбрз компјутер во Македонија, работеа на паметните табли во училницата на 21 век и видоа како функционира софтверот за мерење на загаденоста на воздухот во Скопје. Учениците се забавуваа и со малиот андроиден робот НАО, со вградени камери и 3Д-ласерски скенер и со способност за маневрирање.

**Александра Богдановска,**
**ПСУ „Алгоритам центар“-Скопје**

# Четврта традиционална претстава на „Арсени Јовков“



Скопското економско и правно училиште „Арсени Јовков“ ја одржа четвртата традиционална претстава „Твориме, создаваме и зборуваме на македонски јазик“, на 12 декември, во Драмскиот театар. Преку соодветни драматизации, во програмата беа опфатени повеќе сегменти од употребата на јазикот во македонската поезија, музиката, народната литература, практиката и во секојдневната комуникација. На сцената беше претставена драмската претстава „Итар Пејо, селаните и инвеститорот“, по текст и режија на професорката Розита Закева. Се читаа народни мудрости, се пееја народни песни и се читаа антологиските „Т’га за југ“ и „Тешкото“. Настанот се организира под мотото „Традицијата, фолклорот и обичаите - наше културно наследство“.

Медиум

**Уредници на „Медиум“:** Дејан Андонов, Александар Самарџиски, 02/30 90 004
**Дизајн и техничко уредување:** Марија Чундева
**Веб:** Александар Делчевски
**Лектори:** Сузана Митревска и Кристина Јовановска
**Маркетинг:** тел: (02) 5511727
**Дистрибуција:** тел: (02) 5511734
www.medium.edu.mk; е-адреса: medium@medium.edu.mk

This project was funded in part through a U.S. Embassy grant. The opinions, findings, and conclusions or recommendations expressed herein are those of the implementers/authors and do not necessarily reflect those of the U.S. Government.

Овој проект е делумно поддржан од Амбасадата на САД. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторот(ите)/авторот(ите) и не ги одразуваат оние на Владата на САД.

Ky projekt është pjesërisht i mbështetur me grant nga Ambasada e SHBA-ve. Mendimet, zbulimet dhe konkluzionet ose rekomandimet e paraqitura këtu janë të implementuesit/autorëve dhe nuk i reflektojnë domosdoshmërisht ato të Qeverisë së SHBA-ve.

EMBASSY OF THE UNITED STATES OF AMERICA

# Средношколски конкурс за мултимедијални продукти

Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието и Македонскиот институт за медиуми го распишаа средношколскиот конкурс за мултимедијални продукти на тема: „Мулти-виа-медиа: Како го градиме соживотот во училиштата“. Целта на конкурсот е да се поттикнат учениците и наставниците од средните училишта да продуцираат мултимедијални продукти со кои ќе ги претставаат училишните активности посветени на меѓуетничка интеграција во образованието. На конкурсот може да се аплицира најдоцна до 31 јануари со видеоприказна, фотосторија и/или мултимедијална сторија. Не постои ограничување на бројот на мултимедијални продукти со кои едно училиште може да аплицира. Најдобрите ќе бидат наградени со камера „гопро 3“ и лаптоп (прво место), камера „гопро 3“ (второ место) и дигитален фотоапарат (трето место). Сите информации за конкурсот се достапни на www.pmio.mk.



## ФАЦА НА МЕСЕЦОТ

ЖАРКО ДИМИТРИОСКИ, АВТОР И ВОДИТЕЛ НА ЕМИСИЈАТА „ЕДЕН НА ЕДЕН“



**Има многу луѓе што се викаат Жарко, но еден е Димитриоски, особено тој што ја води емисијата „Еден на еден“. Во овој број на „Медиум“ разговаравме токму со него. Жаре е млад и успешен ТВ-водител, кој е присутен на телевизиските екрани уште како дете. Зад себе има многу проекти, кои поминале со одличен прием кај публиката, а моментално ја работи шестата сезона од својата авторска емисија „Еден на еден“. Повеќе и не треба да се објаснува кој е Жарко Димитриоски, затоа што голема е веројатноста дека ќе го чуете неговиот глас на рекламите речиси секој ден или, пак, ќе го видите на телевизија со неговата емисија**

# Уживам во неврзан муабет

**Медиум: Твојата емисија ужива голема популарност кај македонската публика. Но, за сето тоа да изгледа убаво и интересно на телевизија, како се подготвувате со твојата екипа?**

Жаре: Секојдневна работа е, нема збор. За секоја епизода има неколку сценаристички состаноци, неколку логистички состаноци, константно 24-часовно контактирање по телефони и електронски адреси со нови идеи и предлози... Лично, далеку сме од задоволни. Има уште многу, многу за подобрување и каде да се оди нанапред, но условите се такви какви што се, а ние даваме максимум за секое снимање...

**Медиум: Кој е твојот омилен водител/ка? Кога би ја имал шансата да седиш на кафе со нив, што би ги прашал?**

Жаре: Македонија е многу мала земја и уште помал пазар. Речиси со сите со кои сум сакал да седам, сум седел и сум се дружел и се дружам и тоа не е некакво достигнување. Им се восхитувам на луѓе како Игор Џамбазов, Трендо, Бранко Огњановски, Бубо и Васе од „К-15“ и други. Сите тие се прекрасни на камера и уште попрекрасни зад камера и ми е многу мерак што се едни од луѓето на кои можам да им се јавам кога било, да седнеме некаде и да муабетиме со саати.

**Медиум: Од каде произлегува идејата, желбата за водење ТВ-емисија?**

Жаре: Цело основно одев во Детското драмско студио на МРТВ кај Софија Гогова-Врчаковска, што исто сакам да го читне ова и да знае дека многу ја поздравувам (однесете ѝ го на врата!). Таму снимавме ТВ-серии, емисии, радиодрами, радиоемисии, турбо се работеше. Бевме многу мали навистина, по десетина години, ама работевме и бевме ангажирани како прави професионалци. Си прејде нештото во навика, едноставно горе-долу не ни имав некој избор со себеси за тоа што ќе правам понатаму. Од средно натаму дојде Спорт 4 ТВ, па А1 ТВ, па „Еден на еден“ и сопствената продукција и еве сме сега.

**Медиум: Дали тоа е нешто што отсекогаш си сакал да го работиш? Да можеш повторно да избираш, дали би работел нешто друго?**

Жаре: Не знам дали би издржал на подолг рок во таков калап, ама ми се случува да си речам - требаше нешто полабаво да работиш, нешто со работно време, слободни викенди и сл. Ама ретко, далеку од тоа дека често го помислувам тоа. Не знам дали отсекогаш сакав да го работам ова. Имаше период кога сериозно размислував да запишам глума на ФДУ, но се премислив.

**Медиум: Дали популарноста што ја стекна изминативе години предизвика драстични промени во твојот живот? Што е тоа што ти се допаѓа, а што би сакал да се смени?**

Жаре: Не, воопшто. Знаеш, интересно е тоа што оваа „популарност“, како што велиш, не е ни третина од тоа што беше во време на А1, кога го стартувавме „Ексклузив“ таму. Тоа беше хаос! Ова сега ми е перфекција. Нема апсолутно никаква причина за некакви промени. Професија како професија. Како што некој е молер, некој е доктор, некој е таксист, јас сум ова.



**Медиум: Настрана од обврските со емисијата, што правиш во слободно време?**

Жаре: Некое слободно време баш и немам и ми е многу мака поради тоа. Сè што е настрана од „Еден на еден“ како ТВ-шоу го трошам заедно со колегите во нашата мала и убава фирмичка со исто име, која успешно работи како комплетна маркетинг-агенција и продукција. А, искрено, криво ми е дека немам толку време како до пред неколку години за дружење по ресторанчиња, свирење гитара, гледање филмови и такви некои работи. Уживам во неврзан муабет. Ако ми се погоди човекот, можам со саати да седам и да муабетам на тотално неповрзани и некаквиси „битни“ теми како оправање држава и слично.

**Медиум: Каде заврши средно и како поминуваа твоите денови како средношколец?**

Жаре: Средно учев во „Васил Антевски-Дрен“ и сакам да си ги поздравам сите професори таму. Средно беше супер! Многу, многу добро време. Во средно почнав со телевизии професионално. Работев во Спорт 4, првата и засега единствена македонска телевизија строго за спорт (за жал, не постои веќе), и веднаш по часови, а некогаш и за време на последниот излегував за да коментирам француско првенство фудбал! Лудило беше тоа, седиш на час, ѝ доаѓаш на професорката и ѝ кажуваш - може да ме пуштите, треба да коментирам Куп на УЕФА, НБА или што и да беше дента... Имав многу разбирање од сите нив, а бев и добар ученик, немав проблем со оценки.

**Медиум: Да можеш да се вратиш во времето, дали би променил нешто во твојот средношколски живот?**

Жаре: Па, не. Не би менувал ништо. Преубав период и сите средношколци треба да извлечат максимум од него, зашто тој стил на живот со многу дружење, нови работи, часови прекуден, слободни викенди, тестови, стресови, први заљубувања итн. нема никогаш да се повтори.

**Медиум: Со твоето досегашно искуство, што би ги посоветувал средношколците што би сакале да почнат со работа во телевизија?**

Жаре: Денес условите се поинакви од времето кога јас почнував. Треба многу да си ја сакаат работата, да бидат подготвени на константно учење и надградување, секако ако сакаат резултати и ако не сакаат да се просечни. Оваа професија е многу динамична, несекојдневна, интересна, ама бара и многу жртви.

Медиум: Ти си дел од новинарскиот бенд „Рипортерс“, а и покрај тоа, видливо е дека имаш дарба и за музика. Освен овој бенд, дали претходно си имал друг и дали некогаш се случило да ѝ пееш серенада на девојка?

Жаре: Сум свирел со многу познати и непознати музичари и бендови, ама вака сериозно како со „Рипортерс“, не. Сепак, ова со „Рипортерс“ е друга лига, имаме и албум издадено... За тоа со девојка, да, ми се случило. И кога ќе размислам, многу малку ја имам користено гитарата за ќарување девојки. Требаше повеќе, смотан еден...

**Репортери: Мартин Манасков и Љубица Николовска, студенти на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста**

## 2 ДВА НА КВАДРАТ

АНА ЈОВКОВСКА, НОВИНАРКА

### Малкумина се храбри јавачи спроти брановите



**Медиум: Моментално, што е актуелно кај вас? Кој е вашиот најнов проект?**

Ана: Периодов сум преокупирана со новиот мултимедијален проект, книга на интервјуа или монографска збирка со најдобрите интервјуа што сум ги направила изминативе десет години новинарска работа. Бидејќи се речиси 500 интервјуа на број, се разбира авторското дело ќе биде остра селекција од сето тоа. Станува збор за книжевно дело што ќе ја документира современата историја на Македонија, во филозофско-есеистички манир и со широк тематски спектар. Во овој момент не би откривала повеќе бидејќи проектот е планиран да види светлина следната година. Се чувствувам како борците пред пензија (се смее). Таквата континуирана телевизиска кариера прави да живеете во зениците на другите, а тоа подразбира живот под притисок. Се обидов притисокот да го пренасочам во мотивација - секој ден одново да се трудиш да станеш подобар човек. Тоа е најважно на крајот на денот, а не привилегиите на популарноста. Јавните професии ги разобличуваат луѓето во еготрипови, тука насочив голем дел од борбата – во обидот за скромност. А професионалец си кога си одговорен пред себеси исто онолку колку што си одговорен и пред другите. Тешко е да се борите со медиокритетското опкружување во професијата, со естетиката на „Гранд ѕвезде“, со реториката на турските серии, со сензационализмот и насилството во вестите, со евтините политики, со притисоците за рејтинзи и алчноста за профит. Тешко е да пливате спроти брановите, но сè друго е давење во плиткото.

**Медиум: Кога сега би биле средношколец, што би си препорачале себеси? Како денес би ја оцениле медиумско-новинарската писменост на сегашната млада генерација?**

Ана: Смелост и креативност! Некои млади колеги личат на предвреме пензионирани старци, без желба за истражување, за спротивставување, за докажување. Без интегритет и личен печат и, што е најстрашно од сè, без порив да се изборат за својата слобода. Малкумина се храбри јавачи спроти брановите.

**Целото интервју на www.medium.edu.mk**
**Репортер: Габриела Милкова, средношколка во Меѓунардони гимназии „НОВА“**

ЗОИ БЛАЖ, ПЕЈАЧКА

### Се се сведува на 1 отсто талент и 99 отсто работа



**Медиум: Како Зорица Блажева стана Зои Блаж на 16 години?**

Зои Блаж: Многу спонтано. Заедно со мојот продуцент Александар Масевски ја направивме песната „Сама“ со која настапував на фестивалот „Сунчане скале“, каде што го заседов седмото место. И оттогаш се роди Зои Блаж, како уникатна кратенка од моето име и презиме. Сè што се сака се може, меѓутоа ми се укажа можност на 16 години да почнам да градам кариера. Некои велат дека е премногу рано, но има и луѓе што мислат дека за да се остави наследство треба да се почне од порано. Им благодарам на сите што ме поддржуваат, но и на постојаните критичари, бидејќи тие се мојот најголем двигател за да станам уште подобра во она што го работам. Светски ѕвезди како што се Селин Дион и Бијонсе одат на часови по пеење, го вежбаат гласот, инвестираат во себе, па така и јас секогаш ќе работам на себе и на она што го работам.

**Медиум: Што ќе им препорачуваш на средношколците во врска со остварувањето на нивните соништа и изразувањето на талентите што ги поседуваат?**

Зои Блаж: Никогаш да не се откажуваат од своите соништа, да го искористат она што го поседуваат, бидејќи сè се сведува на еден процент талент и 99 проценти работа и развој на талентот, за на крајот коцките сами да се наредат.

**Целото интервју на www.medium.edu.mk**
**Репортер: Елена Андоновска, студентка на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста**

## БЛИЦ-ВЕСТИ

### Уганда произведе електричен автомобил

Двајца инженери од Уганда направија електричен автомобил, а претседателот на земјата е воодушевен од крајниот производ. Тој сака неговата држава да се обиде да биде во чекор со силните автомобилски индустрии како Германија. Проектот за овој електричен автомобил е спроведен во дворот на една деловна зграда во главниот град Кампали. Двајцата инженери го користеле методот на „обид и грешка", затоа ни самите не знаеле што да очекуваат од конечниот производ. Сега, претседателот на Уганда, Паул Мусасизи, вложува во нов проект за производство на електричен автобус. К.С.

### Компјутер од милион долари

Првиот произведен компјутер „Епл", „Епл 1", се очекува на аукција да достигне цена од еден милион долари. Вториот ваков компјутер во септември достигна цена од 905.000 долари и поради тоа аукциската куќа „Кристис" се надева дека првиот оригинал ќе достигне еден милион. Инаку, „Епл 1" е единствениот „преживеан" компјутер од оваа генерација, за кој е документирано дека на купувачот лично му го продал Стив Џобс, кој и го направил. Интересно е што овој компјутер сè уште е во функционална состојба. К.С.

### Дизниленд е најпопуларна дестинација според Фејсбук

Откако Фејсбук ја воведе опцијата „чек ин" за пријавување од разни локации, тоа му овозможи од прва рака да истражи кои се најпопуларните места во светот. Од европските локации најмногу „чекирања" имало од Дизниленд во Париз, а потоа од Арената „О2" во Лондон. Улицата Лас Рамбас во Барселона се најде на третото место. Во Америка најпопуларна локација е Дизниленд во Калифорнија, а на второ место е „Тајм сквер". Дизниленд е најпопуларна дестинација и на азискиот континент. К.С.

### Коби Брајант го надмина Џордан

Коби Брајант го надмина Мајкл Џордан на листата на најдобри стрелци во историјата на НБА-лигата. Играчот на Лос Анџелес Лејкерс сега има 32.310 поени, односно 18 повеќе од легендата на НБА, Џордан, и е на третото место. Пред Брајант на листата најдобри стрелци сега се Карл Мелоун со 36.928 поени и најдобриот во оваа конкуренција Карим Абдул-Џабар со 38.387 поени. Бидејќи има најави дека по завршување на сезоната Коби Брајант ќе се пензионира, прашање е дали ќе има можност да ги надмине овие двајца кошаркари. К.С.

КАДЕ БЕВМЕ?

# Музичари, сликари и актери прават креативен хаос во битолската гимназија

Ако прошетате низ ходниците на битолската гимназија „Јосип Броз-Тито", во секој агол ќе ги забележите креативноста и уметничкиот дух на нејзините средношколци. Од една училница се слушаат музичките проби на членовите од училишните бендови, во соседната нивните соученици цртаат седнати на прозорецот, а трети ги усовршуваат улогите за театарската претстава. Врвулицата од средношколци што се подготвуваат за претстојните училишни настапи прави во битолската гимназија да владее креативен хаос. Еден од 12-те училишни бенда е и музичката група „Две гитари", чии членови ги затекнавме во една од просториите како го вежбаат својот настап за пред Нова година.





Солистот во овој бенд, Милан Митровски, вели дека желбата за свирење на гитара ја добил за време на училишната екскурзија.

- Цела генерација беше на едно место и сите се забавуваа. Тогаш фатив во рака гитара и ужасно ми беше жал што не знаев да засвирам ниту една песна. Оттогаш почнав сам да учам да свирам, секако и со помош на Интернет. Со училишниот бенд вежбаме во слободно време, пред или по настава - раскажува Митровски.

На петти февруари, гимназијата „Јосип Броз-Тито" во Битола ја слави 70- годишнината од воведувањето настава на македонски литературен јазик. По тој повод, група ученици од уметничката насока ќе изведат театарска претстава на сцената на Битолскиот народен театар. Главната тема на која ќе се осврнат актерите во претставата е споредба на печалбарството од минатото со денешната модернизирана форма, особено кај младите.

- Сакаме да го прикажеме современото печалбарство кај младите денес и сè позасиленото иселување на луѓето од државата. Во текот на претставата актерите ќе критикуваат, пеат, свират и цитираат познати македонски дејци во книжевноста како Константин Миладинов, Антон Панов и други - рече Ангела Апостоловска, авторка и режисерка на училишната претстава.

Таа додаде дека учениците водени од нивните амбиции и креативност сами ги подготвуваат претставите и се грижат за организацијата. Активностите во битолската гимназија продолжија и кога си отидовме од училиштето, во кое учениците ја користат секоја минута како шанса да ги надградат својата креативност и умешност.

Репортер: Ирена Каревска, студентка на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста

# Цветни аранжмани и виртуелни експерименти по физика во „Георги Димитров"





Кога ќе поминете на тротоарот покрај скопската гимназија „Георги Димитров" ќе забележите преубаво уреден двор. За момент ви доаѓа помисла колку ли пари троши училиштето за одржување на зеленилото и цвеќињата. Но не е платено ниту денар. За училишниот двор се грижат средношколците од шумарско-дрвопреработувачкиот насока. Една од нив е и матурантката Рената Рачиќевиќ. Таа ни раскажа дека училиштето има сопствена оранжерија, каде што учениците како дел од училишната практика одгледуваат најразлични растенија. Професорката Катерина Пренкова, која предава проектирање со аранжмани на зелени површини, вели дека цветните аранжмани што ги изработуваат учениците секоја година пред новогодишните празници ги изложуваат на продажба во училиштето.



- Цветните декорации на учениците можат да ги купат професорите и учениците од училиштето, како и сите заинтересирани граѓани. Собраните пари од продажбата ги донираме во домот за деца без родители „13-ти Ноември" - ни објасни Пренкова.

Андреј Ивановски, кој исто така е матурант во училиштето, смета дека секое дете заслужува да има свој дом и родители, па затоа на него и неговите соученици им е мило што на некој начин можат да им помогнат на децата во домот. Андреј зборуваше и за тоа како учениците го уредуваат дворот.

- Ова се вика алпинетум и содржи повеќе видови растенија. Го уредуваме секоја година, го надградуваме со нови растенија и го одржуваме секогаш кога имаме практика. Замислата за тоа како ќе изгледа дворот е наша, на учениците, а за распоредот се согласуваме со професорите - објаснува Андреј.

Во „Георги Димитров" има и љубители на физиката. Професорот Јован Јанушевски објаснува дека учениците користат виртуелни експерименти во вид на физички симулации. Александар Додевски е втора година и минатата година освоил трета награда на регионално ниво по физика.

- Достојно го претставуваме нашето училиште. Има голем број ученици што се заинтересирани за физика и одат на регионални натпревари, а минатата година се натпреварувавме и на републичко ниво - изјави Додевски.

Неговите соученици сакаат да ја изучуваат применетата физика и имаат намера да се запишат на некој од техничките факултети. Цветните аранжмани и виртуелните експерименти се само сегмент од спектарот активности во кои се вклучени средношколците од „Георги Димитров", а училишните ходници се сведоци на многу ученички проекти и успеси.

Репортери: Мартин Манасков и Љубица Николовска, студенти на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста

ТЕМА ЗА ДИЛЕМА

ШТО СО СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ?

# Креативноста и социјализацијата да се одлика на зимскиот распуст



Продолжение од стр. 1

Овие дваесетина дена надвор од училниците со нетрпение ги очекуваат не само учениците туку и нивните професори и родители. Велат, ова е периодот кога се сумираат и согледуваат постигнатите резултати и, независно дали со повеќе или со помалку успеси, сите со иста надеж за олеснување и ослободување од обврските ја очекуваат слободата на сопственото време.

- Факт е дека во училиштата сè што е нормирано и поврзано со рокови станува напорно, тешко и стресно, а зимскиот распуст би бил одличен период за ослободување од рано станување од кревет, внимавање да не се задоцни по големиот одмор, да се направат писмените работи, тестовите и испитувањата - вели Мирјана Гичевска, специјалистка по училишна психологија во гимназијата „Таки Даскало“ во Битола.

**ВЕЧНА ДИЛЕМА: ШТО СЕГА?**

Гичевска вели дека кога распустот ќе тропне пред врата, секогаш останува отворено прашањето што би се правело со слободното време. Дали ќе ги поминуваме утрата под топлиот јорган, потоа во кафуле, попладне пред телевизор и по полноќ на интернет-муабет? Дали слободното време сами ќе го режираме и ќе извлечеме нешто квалитетно од него, „Медиум“ разговараше и со дел средношколци.

- Тој период планирам да ги засилам тренинзите за фудбал бидејќи поради училишните обврски некако како да го запоставив сопственото хоби. Иако е ладно, ќе се организираме и ќе се обидеме на тој начин да го искористиме времето - вели Филип Филиповски, средношколец во економското училиште „8 Септември“ во Тетово.

Гледањето филмови, завршување со книгите што останале недочитани поради тестовите и испрашувањата пред крајот на полугодието и кафе-муабетите беа дел од плановите речиси на сите средношколци со кои разговаравме. Матурантите, пак, бидејќи ова им е последен зимски распуст, велат оти максимално ќе го искористат за дружење со школските другари, без разлика дали тоа ќе биде во кафулиња, на патувања или во спортски сали.

- Едвај го очекувам зимскиот распуст, иако немам некои конкретни планови. Поголемиот дел ќе го поминам со другарките, а што се однесува до зимување, ќе одиме во вила кај една другарка бидејќи не е скапо, но ако заврне снег - вели Кристина Цветковска, ученичка во скопското средно училиште „Димитар Влахов“.

Од друга страна, пак, и туристичките агенции веќе излегоа со свои понуди за зимување. Во екот на зимската сезона понудите за најпознатите македонски туристички центри, како што е Берово, се движат околу педесет евра, ноќевање и појадок за две лица.

Во хотелите, пак, на пример во Маврово цените се околу 20 евра за една вечер или пакет за една недела е од 150 евра нагоре. На листата зимски дестинации е и ски-центарот Пониква кај Кочани, каде што едно ноќевање во одморалиште е околу 10 евра. Ако на сето тоа се додадат и изнајмувањето скии, превозот и храната, средношколците велат дека поисплатливо им е да заминат на зимување со приватно сместување.

- Плановите за зимување ќе ги правам по Нова година. Ако веќе одам, тоа ќе биде со сместување што однапред сами ќе го најдеме со друштвото бидејќи поевтино ни е да изнајмиме соба во некоја куќа отколку во некој мотел или одморалиште - вели Елена Гоцевска, средношколка во скопското училиште „Лазар Танев“.

На огласите на Интернет приватно сместување во овој период, на пример во Крушево, може да се пронајде и по цена од пет евра од вечер по лице, иако не станува збор за луксузно опремена соба или апартман.

Што се однесува до зимските туристички дестинации во соседството, не постои голема разлика во споредба со македонските. Најповолни за средношколците се понудите за Банско, Бугарија, каде што сместувањето во соба за друштво од неколку лица е од 20 до 30 евра од ноќ.



фото: Маја Јаневска - Илиева

**Цени во зимските центри во Македонија**

| | |
|---|---|
| Берово | околу 25 евра ноќевање со појадок |
| Маврово | околу 20 евра ноќевање |
| Пониква | околу 10 евра ноќевање |
| Крушево | околу 8 евра ноќевање |

## Андријана Јаневска, пејачка: За зимски распуст ем пеев ем се дружев

**Медиум: Како го поминувавте зимскиот распуст во средно?**

Андријана: Со другарите од маало понекогаш се организиравме и одевме на еднодневни екскурзии на Попова Шапка, а понекогаш едноставно уживавме дружејќи се за време на распустот. Живеев во Радишани, па често во тој период имаше и многу снег.

**Медиум: Раскажете ни некоја анегдота од тој период.**

Андријана: Мојата кариера ја почнав на 16 години, така што веќе на 18 имав настапи речиси секој ден. Се сеќавам дека настапував во Кавадарци за дочекот на Новата 2000 година. Тогаш бев четврта година средно. Мојот настап беше точно пред дочекот и имав план веднаш по тоа да се вратам во Скопје за да прославувам со пријателите. Но по патот имаше толку многу снег што ми требаа неколку часа да се вратам за Скопје. Кога стигнав, веќе беше рано наутро и сите беа испозаспале, а забавата завршила.

**КОРИСЕН И ЕФИКАСЕН РАСПУСТ**

Мал дел туристички агенции имаат и специјални понуди за учениците во средните училишта што сакаат да го комбинираат патувањето со корисното. Постојат зимски кампови во бугарски Боровец, каде што денот од утро до полноќ е исполнет со дружење, спортски активности и забава. Овие кампувања траат седум дена, а како дел од спортските активности на младите им се нудат скијање, бордање, пливање и организирање разни натпревари и зимски игри, но имаат и ноќни излегувања во диско. Еден ваков камп чини 240 евра.

Покрај организирањето забави, гледањето филмови и зимувањето, учениците од слободното време треба да извлечат и некоја корист, да бидат активни и да работат на развојот на сопствената личност.

- Во овој период неопходно е пронаоѓање механизам за мотивација на учениците да го искористат слободното време на ефикасен начин, да си поставаат реални цели за претстојниот период и да станат свесни за потребата на воспоставување рамнотежа помеѓу слободното време и обврските - вели психологот Гичевска.

Таа вели дека учениците може да го искористат слободното време ефикасно и во нивните училишта и градови ако се активираат преку младинските организации или проектните активности во училиштата. Волонтерски и хуманитарни акции, креативни работилници се дел од начините зимскиот распуст да заврши квалитетно, а во нив има место и за музичките и за спортските таленти, но и за оние што се надарени во литературното и ликовното творештво.

Најважно од сè, како што велат психолозите, е да сфатиме дека празното трошење на времето со изолирање од какви било активности не треба да биде одлика на претстојниот распуст. Креативно исполнување на секојдневието и социјализацијата се она што ќе направи освен првото полугодие и овој зимски распуст да го завршиме со примерно поведение и одличен пет.

**Автор: Александар А. Самарџиски, дипломиран студент на Високата школа и новинар во „Нова Македонија“**

# Средношколците се жртви на секаков вид насилство

Средношколците биле жртви на насилство и манифестирале насилно однесување на други лица од нивното училиште или место на живеење, на други деца во семејството, како и на партнерите во нивните романтични врски. Ова го покажуваат резултатите од истражувањето „Насилство кај средношколците“, спроведено од Младинскиот образовен форум. Според истражувањето, почесто застапени се инцидентите на физичко насилство без оружје, но сепак учениците се сведоци и на инциденти со оружје. Бројот на средношколци што се изјасниле дека носеле со себе оружје, дури и на училиште, не е за занемарување. Сепак, учениците имаат перцепција дека оружјето помеѓу нивните врсници е многу позастапено од она што реално е. Ова може да се поврзе со чувството на небезбедност што тие го имаат во средините што се подалечни од нивното место на живеење. Според резултатите, повеќето ученици не се чувствуваат безбедно во училиште, во населбите во кои не живеат, во автобус и на автобуските станици.

Врз основа на добиените резултати, истражувањето препорачува да се истражат факторите за појава, ескалација и прекин на насилното однесување, при креирањето на политиките против насилството да бидат вклучени средношколците и другите засегнати страни, да се испита ефективноста на постоечките казни и да се дефинираат програми за превенција. Во препораките се наведува и да се креираат активности за средношколци со кои ќе се демистифицира застапеноста на насилството и употребата на оружје кај нивните врсници и ќе се влијае на чувството на безбедност на учениците во средините во кои функционираат.

Истражувањето е спроведено врз 2.381 средношколец од 31 училиште во периодот од февруари до април оваа година.



ХЕРОЈОТ ОД МОЈАТА УЛИЦА

МАРКО ПАЈКОВСКИ, УЧЕНИК ВО СУГС „ОРЦЕ НИКОЛОВ“-СКОПЈЕ



# „СНЕЖНИОТ“ КРАЛ НА ВИСОКИТЕ ПЛАНИНИ



И кога нема снег, средношколецот Марко Пајковски е на снежните патеки. Со својата штица за скијање, тој е полетен и среќен, вистински „снежен“ крал на височините. Одамна научил да стои на две нозе и со нив истовремено да лета. Иако има малку привилегии на слободно време, со посветеност и напорна работа, успехот и задоволството му се сигурни. Овој ученик во скопската гимназија „Орце Николов“ е и државен првак во сноубординг и член на македонската репрезентација.

- Прекрасно е! Се спуштам по снег со брзина од над 40 км/час. Супер чувство! Некогаш можеш да бидеш и побрз од ветерот, па честопати го губиш контактот меѓу штицата и снегот. Со сноубродингот повеќе си во воздух отколку на копно. Адреналинот се зголемува, се впушташ во нова авантура, се чувствуваш како да си на врвот - раскажува Марко за чувството кога „полетува“ на штицата.

Тој е член на сноуборд-клубот „Полар“ и со својот спортски избор, се обидува другите да ги научи дека спортот е неизбежен дел за оформување на здраво тело и на здрав дух. Инспирација да почне со овој интересен спорт му била неговата сестра Ана, која исто така постигнувала големи резултати. Сè почнало пред осум години, кога првпат застанал на штицата за скијање заедно се неа. Оттогаш почнало неговото искачување по патеките на успехот.



- Во овие осум години имам постигнато одлични резултати. На Балканското првенство што се одржа во Копаоник, Србија, освоив две втори места во категориите „слоуп стајл“ и „голем скок“. Имам учествувано и на натпреварот „Ванс“ во Циламзе, Австрија, како и на државното првенство во Македонија, на кое сум повеќекратен првак во неколку категории - вели Марко.

Него снегот не може да го изненади. Кога во Македонија нема услови за сноубординг, тој го наоѓа на глечерите во Австрија, каде што одржува кондициски тренинзи. А и лете, кога нема снег, Марко се занимава со вејкбординг, што е алтернативен спорт на сноубордингот.

**Интервју: Александра Митева II 6**
**Емилија Радоешка II 6**
**Ангела Таневска II 6**
**СУГС Гимназија „Орце Николов“-Скопје**






НИЕ ИСПРАШУВАМЕ

ИВИЦА СПАСОВСКИ, ПРОФЕСОР ВО СУГС „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“

# Македонскиот Доктор Офболи



Се присетува кога за роденден како дете добил кученце и оттогаш животните му станале дел од неговото секојдневие. Професорот по ветерина Ивица Спасовски во својот живот посветил премногу грижа за кучиња, мачки, папагали, а денес има мини-фарма со повеќе видови животни и украсни птици. Ја сака и работата со учениците, па денес предава токму во средното училиште каде што учел - скопското ветеринарно училиште „Браќа Миладиновци“.

Своето прво работно искуство го имал уште како средношколец. За време на летниот распуст минувал практика за ветеринарна медицина по неколку часа дневно.

Образованието го продолжил на Факултетот за ветеринарна медицина, кој, поради љубовта кон професијата, го завршил за рекордно време. За време на студиите повторно работел хонорарно во ветеринарен центар, каде што имал можност да изведува хируршки интервенции во „Азилот Вардариште“, а по студиите стажирал во Франција. Затоа и денес, како професор, е задоволен и исполнет што учениците појавуваат голем интерес за работа додека учат.



- Учениците по предметот Фармакологија првпат во програмата имаат примена на лекови на различен начин. При првата помисла дека треба да стават инјекција на животно им се тресат рацете, дури и одбиваат. Меѓутоа подоцна станува една од омилените активности, па дури слободно можам да кажам дека учениците бегаат од часови за да одат во училишната фарма и да ставаат инјекции. Поради големиот интерес на учениците, училиштето прави напори да изгради парк во кој ќе има повеќе животни, вклучувајќи срна, поникоњчиња, коњи, гуски, исто така и да ја прошири фармата со зајаци - ни кажа Спасовски.

Професорот, кој заслужено може да го има епитетот Доктор Офболи, вели дека ветеринарната професија е благодатна и хумана. Со својата енергија ги мотивира учениците да ја засакаат уште повеќе. Професорот е омилен кај средношколците зашто несебично го пренесува своето богато искуство, им нуди можности да учествуваат на натпревари и им помага за секој проблем со кој ќе се соочат во ветеринарството.

- Мојата голема радост е што судбината ме врати таму каде што завршив средно образование, каде што ги слушав првите совети за успех од моите професорки, а кои сега ми се колеги. Уште поголем предизвик и чест ми е да им ја пренесам енергијата на идните генерации - рече професорот.

Тој смета дека во ветеринарството во Македонија нема доволно професионални обучени кадри и затоа срдечно им порачува на учениците доколку ги сакаат животните, да учат и да студираат ветерина.

**Автори: Христина Трпчевска III-1, Христина Најдовска IV-1, Александра Тасева III-2, СУГС „Браќа Миладиновци“**

# ЈАС МИСЛАМ ВАКА

СУЛТАНА ЈОВАНОВСКА, IV-4,
СОУ „ЈАНЕ САНДАНСКИ“-СТРУМИЦА

## Драг Дедо Мраз...

Ти го испраќам ова писмо уште отсега за да имаш време да размислиш и да видиш што ќе правиш со моите желби. Првпат ти пишувам, те молам земи ме предвид. Знаеш... Јас не сум од добрите деца, но не сум и од лошите, поднослива сум, на моменти. Нема да ти барам, како што ти бараат малите мамини и татини галеничиња од 5-6 години, компјутери, телефони и слично. Јас само сакам да ги исчистиш оние што сè уште „сваќат“, а не сфаќаат. Оние што не знаат дали името на нивната држава се пишува со „к“ или со „ќ“ (Македонија). Оние што пишуваат „незнам“, а не „не знам“. Оние што сакаат да бидат „прецедатели“,



а не претседатели. Кога сме тука, те молам исчисти ги и полуинтелектуалците што мислат дека знаат сè, а со нив и оние потрчковците и улизувачите околу политичарите. Само метеж ни прават во државата. Исто така, дај прибери ги „манекенките“ што кружат по ФБ, не ги поднесувам, жими сè, а со нив и „менаџерите“ низ кафулињата, кои којзнае дали го верификувале своето средно образование, а се „менаџери“. Нели ти леташ и правиш чуда, па сигурна сум дека ќе можеш да го направиш ова за мене. Сети се дека првпат ти пишувам и дека мораш да ме земеш предвид. Имам уште многу желби, ама ајде ќе оставам нешто и за некоја следна година. Сега реши го тоа. И не дека ти наредувам, ама не сфаќај ме погрешно, но ако не ми ги исполниш желбите, ако го немаш гледано филмот,,Крај на 21 век“, те молам! Изгледај го! Знаеш... кога велам исчисти ги, не мислам да ги снема од планетата Земја, еве може да си ги земеш со тебе во Лапонија, да ти помагаат, но добро, еве, не ти се мешам, сепак ти најдобро знаеш. Голем поздрав од Македонија.

ПС: Се надевам разбираш македонски!???

МАРИЈА ПАУНОСКА, IV-1, СОУ „КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ“-ДЕМИР ХИСАР

## Со отворен ум до европски развој



Љубопитноста е тригерот кон подобро утре. Со неа човекот успева да ја извлече науката од своите пори и со неа да отвори нови патишта кон иднината. Слободата на човекот му овозможува душевно и физички да се пронајде себеси. Да ја разбудиме свеста во нас, да го смениме нашиот менталитет и да го направиме светот поубаво место за живот, клучот е во нас и само од нас зависи. Барајќи ја духовната слобода наоколу, се вртиме во лавиринтот на нашиот мозок, талкаме по погрешни станици, празни, безначајни... Да ја најдеш слободата можеш само во себе. Пробуди се себеси! Тајната на животот е во едноставноста. Ќе сфатиш дека не треба на животот да му додаваш години, туку на годините живот. На дофат ни се чудата на светот! Кога во средновековието науката ја имаше за противник црковната догма успеваше да се справи со тоа на ваков или онаков начин и успеа да ја надживее. Ние треба денес да ги следиме нашите идеали, а не туѓите и само тогаш ќе ја отфрлиме догмата што во денешново модерно време секојдневно си ја поставуваме живеејќи според мислењето на другите луѓе. Секојдневно се соочуваме со нашите незнаења и само ако ја бараме науката насекаде околу нас, а не само во нас ќе стигнеме до одговори од нешто круцијално, а можеби и на нешто бизарно.

Една од најмаркантните личности на модерното време, која успеа со својата непресушна љубопитност и трпение да го придвижи новиот свет кон една нова точка на постоење е Стив Џобс. Тој, знаејќи ја моќта на инспирацијата, секогаш наоѓаше начини, не само да ги инспирира купувачите да ги купуваат производите туку и работниците да го вложат максимумот во она што го работат. Неговата свест дека инспирацијата е најголемата движечка сила што носи до успех го поттикна да донесе голема промена во светот. Дали кога Стив Џобс во оној инспиративен говор во Стенфорд ќе порача: „Останете гладни, останете брливи“, стана херој на едно ново време?

Махатма Ганди, пак, човекот што ќе остане запаметен по својот пристап против дискриминацијата и најважен пример за човештвото, рекол: „Нема пат до мирот, мирот е патот“. Тој не бил научник, но бил човек што станал инспирација за многу луѓе како што е Мартин Лутер Кинг и заслужено неговото име треба вечно да живее по неговата смрт. Како што времето, во вистинската смисла на зборот, нема ниту почеток ниту крај, така и науката нема крај и претензии за практично менување на вистината. Колку далеку ќе стигне модерниот човек со осознавањето на неговите вистински потреби, со проверување на неговите идеи, со пренасочување на неговите визии кон еден поинаков развој? Едно е сигурно, порано или подоцна вистинскиот мир во светот мора да дојде. Денес се оди кон тоа сите народи, раси и поединци да имаат исти права на нивно постоење и живеење и еднакво да ги уживаме сите благодати на светот. А ние, Македонци, со желба скриена длабоко во срцата, родена уште многу одамна за еднаквост и рамноправност на сите на ова европско парче земја каде што сме припаѓале отсекогаш. Денес доволно свесни да ги исцрпиме поуките од досегашната вулгарна историја и поучени од неа да ја издигнеме желбата за универзален мир и европски развој.

Човековата историја го бележи сè повеќе и повеќе натпреварот меѓу едукацијата и развојот. Заеднички свет, отворено општество за сите народи е порака на древните и модерните Македонци. Како што Конфучиј нè подучил, премногу слушаме и забораваме, гледаме и запаметуваме, но треба нешто конечно да направиме за да разбереме. Треба да бидеме доволно љубопитни и со отворен ум, за да ја искористиме универзалната наука што е во нас и ќе ја почувствуваме благодатта на животот.

Натпреварот помеѓу цивилизациите на оваа планета треба да биде постојано инспиративен и поттикнувачки за новите генерации, затоа што светот треба да го разбираме единствено како поле за културен натпревар меѓу народите. Доживувањата од историјата нè направија да се зафатиме за работа за општ мир меѓу народите и посигурно живеење на сите, со што денес под поимот Европа се подразбира мир, напредок, просперитет и слобода!

МИА ПЕТРОВСКА 3-7, СУГС „НИКОЛА КАРЕВ“-СКОПЈЕ

## Земјата се врти околу парите?

Чувствувам како тонеме во жива кал и тоа ме прави несреќна, па се колебам дека воопшто постои стабилно копно. Материјализмот ги јаде луѓето однатре - тие се како скапано јаболко. Убави однадвор, но гнили во внатрешноста. Под оклопот на фини луѓе и пријатели се скриле не-



сигурни мали деца што се трудат сè да направат со пари. Купи си другари, купи си гардероба, накити се со звања... Но каде е тука човекот? М? Можеш да му ставиш круна на кловн, но не очекувај од него да стане крал. Во денешно време парите се тоа, круната, а кловновите неписмена раја што лета во облаци поради парите, но добиени од мама и тато. Дури да се подразмислиш дали Земјава се врти околу Сонцето или околу парите? Заслепени сме од парче хартија, ја занемеруваме љубовта и, барајќи ја среќата во материјалните работи, се губиме себеси. Во тоа ли се претворивме ние луѓето? Толку многу луѓе, а ретко кој е човек. Но не ни очекувам од некој што цел живот е среќен да сфати тага и болка. Некој што цел живот има сè не може да сподели со некој што нема. Чуден парадокс е тоа, тој што нема дарува повеќе од тој што има...

Би му ја продале и сопствената душа на самиот ѓавол за „кинта“, само за да можат да уживаат во својата патетика. Вистинските емоции поради банкноти се заменија со лажна емпатија, па нема љубов, ко да розите се само за богатите. И ги гледаш како така бездушно чекорат со дигнат нос, како да се над сите, не знаејќи дека колку повисоко летаат горе, толку сè помали им изгледаат на тие долу. Спас има? Да погледнеме малку во себе, а не само околу себе? Без срам, викнете на цел глас...

ПООООМОООШШШШ...!

ХРИСТИНА ХРИСТОВСКА, 2-3, СУГС „ОРЦЕ НИКОЛОВ“

## Да си одам - да ми биде поубаво!?



„Сакам да заминам оттука“ и „Сакам да живеам во странство“ се едни од најупотребуваните реченици на младите во нашава земја. Зарем не е тажно тоа што денес секој гледа да замине од нашава татковина, а во минатото гледале да се изборат за неа?

Речиси нема млади што сакаат да останат и што сè уште можат гордо да кажат дека ја сакаат оваа земја. Да сакаш да заминеш и да заборавиш каде си пораснал, каде си го поминал детството и каде си станал човек. Да ја бараш среќата надвор од својот дом, подалеку од околината во која си го поминал детството, младоста - за многумина најубавиот дел од животот, да заминеш од луѓето што те правеле среќен, семејството, да побегнеш од моментите што се убави спомени, од сопствените корени.

Тажно е тоа што оваа држава на овој или оној начин некако сама ги протерува младите и тоа што тие под „убав живот“ го подразбираат заминувањето од тука. Но не сме ние виновни за тоа што не гледаме никаква иднина тука, никаква среќа, ниту пак успех. Некои би се запрашале кога би заминале од тука, кога би успеале во она што го сакаме, кога би си ги исполниле соништата, би си ги збогатиле знаењата, би си ги зголемиле искуствата, зошто по некое време не би се вратиле за тоа да го споделиме со другите тука, најмногу со помладите генерации. Можеби затоа што во денешницава мотивот за успех е да се гледаш само себеси. Па тоа речиси сите и го практикуваат, а желбата за помош на другите, за споделување знаења и искуства за понатамошна корист за сите, љубовта кон својата земја веќе како и да не постои. Можеби затоа што ако сега не гледаме иднина во средината во која живееме, каква иднина ќе гледаме во неа по неколку години, кога ќе го завршиме образованието, ќе дипломираме или магистрираме и докторираме на некој универзитет во светот. Многумина од моето опкружување размислуваат само за тоа - како и каде да се замине. Дали е тоа полесниот пат? Да се спакуваш и да заминеш и да не се вратиш. Или, потешкиот - да се школуваш, бориш, сонуваш во некои други, туѓи и непознати средини. Но некако се чини најтешка е токму таа непознаница - дали оваа држава има шанси за подобра иднина и дали ние како млади имаме шанси во таа држава или ќе бараме иднина во непознатото, а привлечно - зошто да не - сакаме да заминеме и живееме во странство. Потреба, мода или тренд - да си одам одовде за да ми биде поубаво!?



## (ДЕ)КОНСТРУИРАЈ ГИ МЕДИУМИТЕ

ПРОЕКТ ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

# Медиумскиот ден вклучи стотина средношколци во медиумите



Околу сто тинејџери ја осознаа и учествуваа во продукцијата на неколку мејнстрим-медиуми во Македонија на првиот Медиумски ден за средношколците што Високата школа за новинарство и за односи со јавноста го организираше на 12 декември. Средношколците ги посетија редакцијата, студиото и режијата каде што се подготвуваат информативните емисии на Македонската телевизија, додека во вестите говорник беше средношколка и беше емитуван ТВ-прилог изработен од средношколци. Во радиото Метрополис и во Сити радио учениците се вклучија во контактните програми во живо, а во весникот „Нова Македонија“ и веб-порталот „Телеграф.мк“ дискутираа со уредници и новинари за тоа како се креираат медиумските содржини и за предизвиците во новинарството.

- Младите треба да бидат медиумски писмени бидејќи тие мора да препознаваат што е добро, а што е лошо, и со тоа да има здрава и нормална генерација, која нема да подлегне на девијантното и несоодветно однесување на одредени програми, актери и личности што се во јавноста и на телевизија - изјави средношколецот Ангел Пејковски.

Учесниците кажаа дека отсекогаш се интересирале за медиумите, но дека првпат Медиумскиот ден им овозможил да се запознаат одблиску како тие функционираат. Некои од нив дури и ги поттикнал идната професија да ја бараат во новинарството и медиумите.

- Медиумскиот ден е одлична идеја бидејќи им овозможува на учениците да видат што се случува зад камерите и микрофоните. Ова за мене е едно ново искуство, но ми остави голем впечаток, така што можам да се пронајдам во една ваква работа. Многу добар начин да знам каде да се ориентирам понатаму бидејќи ова ми е последна година од средното училиште - се дел од впечатоците на средношколците.

Медиумите известуваа цело време на Медиумскиот ден, а средношколците коментираа и споделуваа за настанот на фејсбук-страницата medium.edu.mk и на хаштагот на Твитер - #МедиумскиДен.

Медиумскиот ден се организираше под слоганот „Размислувај критички, дејствувај етички: во и надвор од училница“ и имаше цел да посочи на важноста на медиумската и на дигиталната писменост во институционалното образование. Медиумската писменост ќе ги научи средношколците како да ги користат позитивните аспекти од популарната култура при личниот развој, ќе им помогне критички да ги анализираат медиумските содржини и да ги разбираат пораките на сигурен и етички начин. Медиумски оспособени тинејџери ќе умеат да ги употребуваат мултимедијалните алатки креативно во учењето и во изразувањето на ставовите за прашања од „реалниот свет“.

Медиумскиот ден за средношколците се организираше во рамките на проектот „(Де)конструирај ги медиумите“, поддржан од Амбасадата на САД во Македонија.

## СТРИП

**Бојана Милчевска, 16 г., ДСУПУ „Лазар Личеноски“-Скопје**



**Во соработка со Стрип центар на Македонија www.comicscenter.mk**

## СОВЕТУВАМЕ

# ИЗГРАДИ ГО ТВОЈОТ ОНЛАЈН-БРЕНД





Ти се допаѓа или не, ако користиш Интернет, имаш и онлајн-идентитет. Некои луѓе ова го нарекуваат твојот „бренд“. Што е бренд? Размисли за бренд на газиран пијалак, компјутер, фармерки, бенд или спортски тим. Најверојатно имаш одредена идеја за секој од нив - како изгледа, кој ги купува итн. Можеби и ти понекогаш носиш брендирана маица бидејќи ти се допаѓа што кажува таа за тебе. Тоа е твојот онлајн-бренд: тоа што луѓето го мислат за тебе врз основа на тоа што го гледаат на Интернет за тебе. Големите компании трошат милиони долари за да се осигурат дека ќе го гледате нивниот бренд на начин на кој тие сакаат. Ти не треба да вложиш многу време или пари, но постојат неколку едноставни работи што можеш да ги направиш за да бидеш сигурен дека луѓето те гледаат онлајн онака како што сакаш.

### 1 ПРЕБАРАЈ СЕ СЕБЕСИ

Искористи некој пребарувач да видиш кои информации за тебе се лесно достапни.

Обиди се да го пребаруваш твоето име, но не застанувај тука, особено ако тоа е доста често. Размисли за термините за пребарување што некој друг може да ги користи ако бара информации за тебе. Дали би користел прекар? Твоето средно име или иницијали? Можеби ќе го додаде твојот роден град, училиште или некое твое хоби. Внеси го твоето име во полето за пребарување и види кои други зборови за пребарување се појавуваат. Исто така, можеш да се обидеш да го ставиш твоето име.com во полето за веб-адреса и да видиш дали некој друг има регистрирано таква веб-страница. Ако не, тоа веројатно не чини многу пари годишно, за да ја регистрираш за себе, дури и ако не ја користиш веднаш. Направи го истото со која било социјална мрежа што ја користиш. Некој може да креира измислено корисничко име со твоето име или може да има слично име што би можело да ги збуни другите луѓе. Исто така направи пребарување и на слики со твоето име!

### 2 АКО НЕ ТИ СЕ ДОПАЃА, ПОБАРАЈ ДА ГО ТРГНАТ

Ако не ти се допаѓа тоа што ќе го најдеш, првиот чекор е да се обидеш да биде тргнато. Може да изгледа изненадувачки, но само замолувајќи го лицето што го поставило тоа е доста ефективно: според една студија, четири од пет корисници на Интернет што замолиле некого да тргне некој материјал биле успешни. Ако тоа не функционира, можеш да дознаеш кој интернет-провајдер е домаќин на веб-страницата и замоли го да го тргне. Интернет-провајдерите обично ќе го направат тоа ако материјалот е навредлив, ако содржи омраза или ако спаѓа во сајбер-насилство.

### 3 ЛОШОТО НАДВОР, ДОБРОТО ВНАТРЕ

Ако на Интернет постојат работи за тебе што не ти се допаѓаат или ако пребарувањето за тебе води до информации за друг за кој луѓето би можеле да мислат дека си ти, тогаш треба да бидеш сигурен дека на Интернет постои доволно позитивен материјал за тебе што би ги преклопил овие информации. Блогирањето, објавувањето видеа, коментирањето - сè што остава белег на Интернет е добро онолку колку што испраќа пораки какви што сакаш. Не грижи се - не треба да изгледаш добро со сè што правиш онлајн, сè додека тоа не те прави да изгледаш лошо. Тоа е градење на твоето онлајн-присуство. Ако има друго лице на Интернет што луѓето го мешаат со тебе, размисли за користење варијации на твоето име наместо постојано да им објаснуваш на луѓето дека тоа не си ти.

### 4 ИЗГРАДИ БАЗА

Важен чекор во градењето на твојот бренд е да имаш домашна онлајн-база. Ова може да биде веб-страница или блог, односно место каде што ќе ги контролираш твоите пораки и линкови. Тоа е важно бидејќи многу пребарувачи кога пребаруваат ги бројат линковите, па колку повеќе линкови ќе поврзеш со твојата домашна база, толку повисок ранг ќе има секое пребарување за тебе. Ако имаш регистрирано веб-страница со твоето име, тоа е совршено место за твојата домашна база. Може да имаш и домашна база со фотографии: тоа е сликата за тебе што ти се допаѓа (ако не сакаш да користиш вистинска слика, постојат многу места на Интернет каде што можеш да креираш верзија на сопствена карикатура) и што може да ја користиш секогаш кога ќе ти побараат слика онлајн - социјални мрежи, блогови за коментирање итн. Имајќи една слика што ја користиш секаде, помага да изградиш онлајн-идентитет.

### 5 НЕ ДОЗВОЛУВАЈ ПРИЈАТЕЛИТЕ ДА ГО КОНТРОЛИРААТ ТВОЈОТ БРЕНД

Не користи го профилот од домашната база и на социјалните мрежи зашто немаш целосна контрола врз тоа што се случува таму. Пријателите можат да објавуваат на твојот профил, да коментираат за тоа што го поставуваш и да го линкуваат до нешта што не можеш да ги контролираш. Исто така не можеш целосно да ја контролираш приватноста на социјалните мрежи бидејќи само можеш да претпоставуваш дека твоите пријатели и нивните пријатели ќе носат разумни одлуки. Тоа не значи дека не треба да имаш профил на социјалните мрежи: всушност треба да имаш профил на оние социјални мрежи што ги користат најмногу твои пријатели, само за да се осигуриш дека ќе имаш контрола врз твојот идентитет таму.

### 6 РАЗМИСЛИ ЗА ТОА КОЈ СИ ТИ НА ДРУГИТЕ ОНЛАЈН-МЕСТА

Како што треба да се осигуриш дека твоите онлајн-места велат добри работи за тебе, имај предвид каков впечаток ќе оставаш и на местата што не ги контролираш, на пример, профили на социјални мрежи на другите, онлајн-игри и онлајн-заедници. Голем удел во градењето на твојот онлајн-бренд е да бидеш добар „гостин“ и позитивен член на онлајн-заедницата. Златното правило „третирај ги другите луѓе на начин на кој би сакал да бидеш третиран“ е добар почеток, но можеш да бараш и други начини да бидеш од корист и да придонесеш за онлајн-заедницата.

### 7 НЕ МЕШАЈ ЈА РЕПУТАЦИЈАТА СО СЛАВАТА

Ништо од горенапишаното не значи дека треба сето време да го поминеш размислувајќи за секој збор или слика што ќе ја поставиш и прашувајќи се како луѓето ќе ја видат. Не е важно колку луѓе те следат онлајн: важно е дека работите што ги правиш на Интернет градат конзистентна слика за тебе што се одразува на тоа како сакаш да бидеш виден.

**Извор: www.mediasmarts.ca**